**ТСЖ -218/16**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите Петре Србиновски претседател на советот, Лиле Наумовска и Ристе Ристевски членови на советот, во правната работа на тужителот **AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска** застапуван од полномошник адвокат Живка Костовска Стојковска од Скопје, против тужениот **Друштво за производство на апарати за домаќинство и професионална опрема , нерѓосувачки челик, индустрички четки, палензо, гумени производи, електрични греачи, правосмукалки иробат , дизајн лаб , трговија на големо и мало услуги спорт академија и кооперација увоз извоз ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ** (Electrolux Bitola) **од Битола**, застапуван од полномошник адвокат Николче Лазаров од Скопје, за повреда на правото на индустриска сопственост , вредност 40.000,00 денари решавајќи по жалбата на тужителот изјавена против пресудата на Основниот Суд во Битола ТС15/15 од 26.01.2016 година, на седницата на советот одржана на ден 14.07.2016 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА**.

Пресудата на Основниот суд во Битола ТС15/15 од 26.01.2016 година, **СЕ ПОТВРДУВА**.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот на тужениот да му ги надомести второстепените трошоци во износ од 11.645,00 денари во рок од осум дена по приемот на пресудата.

Во останатиот дел барањето за второстепените трошоци на тужениот над досудениот износ до износот од 28.556,00 денари**, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Битола со побиваната пресуда го одби тужбеното барање на тужителот како неосновано како во изреката на првостепената пресуда и го задолжи тужителот на тужениот да му ги надомести грошоциге на постапката во износ од 73.699,00 денари во рок од осум дена по приемот на пресудата , а поголемото барање за трошоците го одби како неосновано.

Против пресудата жалба изјави тужителот преку полномошникот адвокат Живка Костовска Стојковска побивајќи ја во целост по сите основи предвидени со ЗПП со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

Одговор на жалба поднесе туженоит преку полномошник адвокат Николче Лазаров со кој ги оспори жалбените наводи на тужителот и предложи жалбата да се одбие како неоснована, а побиваната пресуда да се потврди. Со одговорот туженоит побара трошоци за одговорот на жалба во вкупен износ од 28.556.00 денари.

Апелациониот суд во Битола, решавајќи по жалбата согласно член 354 од ЗПП, ја испита побиваната пресуда, ги разгледа списите по предметот и по оценка на жалбените наводи и предлози, најде :

**Жалбата на тужителот е неоснована**. .
( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска )

Неосновани се жалбените поиговори на тужителот за сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постапка од член 343 став 2 точка 14 при донесувањето на побиваната пресуда. Неосновани се бидејќи побиваната пресуда нема недостатоци поради кои не може да се испита односно не постои противречност помеѓу причините за одбивање на тужбеното барање и содржината на изведените докази.

Првостепениот суд во доказна постапка ги извел сите предложени докази од странките и врз основа на нивната совесна грижлива и целосна анализа утврдил факти за да може правилно да одлучи по поставеното тужбено барање. За одбивањето на тужбеното барање и неговата неоснованост. Првостепениот суд дал доволно и јасни причини. Тужителот со предложените докази и изведени од страна на судот не докажа дека туженоит (Electrolux Bitola) го повредил правото на трговската марка на тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска )

Неосновани се исто така жалбените приговори на тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) дека при донесувањето на побиваната пресуда првостепениот суд сторил суштествени повреди од член 343 став 1 а во врска со член 236 од ЗПП, кога прифатил да го изведе како доказ мислењето на лектор Здравко Божиновски. Неосновани се од причини што неспорно туженоит (Electrolux Bitola) како доказ го предложил мислењето на лекторот Божиновски, на што не приговорил тужителот а на рочиштето кога се извело како доказ мислењето иако бил присутен полномошникот на тужителот не се спротиставил. Факти во поглед на тоа дека лицето Здравко Божиновски не е вешто лице запишано во регистарот на вештите лица, тужителот не презентира за да може да се прифати како основан таквиот жалбен приговор. По оценка на второстепениот суд и во случај да е така како тврди тужителот, се работи за релативна суштествеиа повреда на одредбите на парничната постапка која не влијае на законитоста на одлуката од причини што првостепениот суд одлуката по тужбеното барање на тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) не ја заснова на овој доказ кога го одбил барањето видно од самите причини за одбивање на тужбеното барање на тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) содржини во побиваната пресуда.

Неосновани се жалбените приговори на тужителот по основот погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Неосновани се од причини што тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) со тужбата и туженоит (Electrolux Bitola) со одговорот на тужбата и до првото рочиште ги предложиле сите докази

со кои што располагаат . Судот ги извел сите предложени докази и врз основа на истите утврдувал фактите во поглед на тврдењето на тужителот дали тужениот (Electrolux Bitola) го повредил правото на трговска марка ELECTROLUX и ZANUSSI, со тоа што регистрирал повеќе домен имиња наведени во тужбата. Првостепениот суд врз основа на изведените докази неспорно утврди дека тужителот ги има регистрирано марките ELECTROLUX и ZANUSSI во Државниот завод за индустриска сопственост тужениот (Electrolux Bitola) е регистриран во Трговскиот регистар на РМ во 1999 година како ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ Битола, со шифра на дејност 95.22 и регистрант на 13 домен имиња наведени во тужбата на тужителот и чие бришење го бара тужителот од Македонската академска истражувачка мрежа. Тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) освен тврдењето поткрепено со извршеното вештачење дека на интернет страни ги истакнал насловите со домеините не докажа дека тужителот со тоа трпи некаква штета ниту дека произведува и продава производи со име кое што го асоцираат името на сега тужителот ELECTROLUX , а уште повеќе името ZANUSSI кое во ниту еден случај не произлегува дека негде сега тужениот (Electrolux Bitola) го користел во домеин имињата или на интернет страна. Тужителот не презентира докази па ни судот утврди дека тужениот (Electrolux Bitola) со регистрацијата на домен имињата доведе до заблуда потрошувачи (Electrolux Bitola) или стори нелојална конкуренција. Судот исто така како неспорно утврдил дека сега тужениот (Electrolux Bitola) во Трговскиот Регистар на Република Македонија е регистриран како ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ од Битола во 1999 година, со употребна дозвола као занаетчиски дуќан со дејност со шифра 95.22- поправка на електрични апарати за домаќинство како и опрема за домови и градинки кое нешто било утврдено од тековната состојба од Централниот Регистар на Република Македонија. Судот исто така како неспорно утврдил дека тужениот (Electrolux Bitola) е регистрант на домен имињата наведени во тужбата и тужбеното барање на тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) за кое се бара бришење од Македонската Академска Истражувачка Мрежа.

Врз основа на правилно утврдената фактичка состојба првостепениот суд правилно го применил материјалното право кога го одбил тужбеното барање, а тука се мисли на одредбите на Законот за Индустриска Сопственост за кој тужителот тврдеше дека при регистрацијата на домен имињата тужениот (Electrolux Bitola) го повредил правото на трговската марка на тужителот. .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) Од овие причини како неосновани се и жалбените приговори на сега тужителот ELECTROLUX по основот погрешна примена на материјалното право. Неосновани се бидејќи тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) во постапката не докажа дека со регистрацијата на домен имињата ја повредил трговската марка на сега тужителот. Тужениот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) освен што ги регистрирал домен имињата кои одговараат на името на неговата фирма која е запишана во регистарот на правни лица - трговски друштва уште од 1999 година ништо друго не сторил што може да претставува повреда на правото на трговските марки на сега тужителот ELECTROLUX и ZANUSSI . Тужениот (Electrolux Bitola) постапувал согласно деловните обичаи, бидејќи при регистрацијата на домен имињата намерата на тужениот (Electrolux Bitola) не била да ја користи трговската марка на сега тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) во своја корист , но согласно законските прописи тужениот регистрирал домени кои одговараат на името на неговата фирма. (Electrolux Bitola) Согласно член 207 од Законот за индустриска сопственост правото на трговска марка не му дава право на тужителот (Electrolux) како носител на трговската марка да му забрани на трето лице употреба во стоковниот промет на нивните имиња, презимиња , знаци или трговски имиња, без оглед на фактот што тие податоци се идентични или слични со трговската марка, под услов да се користат во согласност со добрите деловни обичап и да

не доведуваат до нелојална конкуренција. Сега тужениот (Electrolux Bitola) не произведувал ниту пуштал во промет производи со трговската марка на сега тужителот .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) ниту со регистрацијата на домен имињата ги довел во заблуда потрошувачите односно не направил нелојална конкуренција за да на тој начин ја повреди трговската марка на сега тужениот (Electrolux Bitola) како што се тврди од страна на сега тужителот. .( AB ELECTROLUX St. Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска ) Ова посебно на трговската марка ELECTROLUX , а уште помалце со трговската марка ZANUSSI која сега тужениот нигде не ја споменува нити ја применува или ја запишал со некаков домен за да го повреди правото на таа трговска марка.

Првостепениот суд кога го одбил тужбеното барање одлучил и за трошоците на постапката кои што ги одмерил во согласност со поднесениот трошковник и согласно одредбите на ЗПП и Законот за судски такси.

Второстепениот суд согласно член 160 од ЗПП го задолжи тужителот на тужениот да му ги надомести второстепените трошоци во износ од 11.645,00 денари, кои се однесуваат за состав на одговор на жалба со зголемување согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите 9.360,00 денари,+ 18 % ДДВ или 1.685,00 денари и 600,00 денари на име такса за одговор на жалба.

Поголемото барање за второстепените трошоци на тужениот , второстепениот суд го одби како неосновано од причини што барањето е превисоко поставено и не е во согласност Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите.

Предвид на погоре изнесеното, а согласно член 357 од ЗПП се одлучи како во изреката на пресудата.

ПС/НХ

Претседател на советот-судија,
Петре Србиновски с.р.